РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
„ГРАДОНАЧАЛНИК“
Бр. 17-2834/1
19.05.2020 год.
СКОПЈЕ

# Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Единица на локална самоуправа | Општина Карпош |
| Изработил (име, презиме и функција) | Виолета Цветковска, координатор за еднакви можности на жените и мажите |
| Период на известување | Март-мај 2020 |
| Датум на поднесување на извештајот | |

Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)
Стефан Богоев, градоначалник на Општина Карпош

Дата, 18.05.2020, Скопје, РСМ

Потпис:

Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика

Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :
Виолета Цветковска, координатор за еднакви можности на жените и мажите во ОпштинаКарпош

| |
|---|
| Потпис: |

| | |
|---|---|
| *2.* | НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ : |

2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)

- ✓ А) Позитивни -да
- ✓ Б) Охрабрувачки -да
- ✓ В) Програмски-да

2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:

ОСНОВНИ:

- Донесена посебна Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година
- Донесени и реализирани буџети на ЕЛС, со алоцирани средства за родова еднаквост во износ од 452.000 денари Х10 за 2019 и во износ од 600.000 денари за 2020 година

ПОСЕБНИ:

А) Позитивни

Б) Охрабрувачки

В) Програмски

А) Позитивни

- Формирана е интерсекторска група за родова еднаквост со назначени одговорни лица од секој сектор или одделение во Општината, која е одобрена од Советот на Општина Карпош
- Изработена е дата база на родово разделени податоци од страна на Одделението за човечки ресурси
- Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна финансиска поддршка составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од членовите на Советот) за проекти од областа на родова еднаквост

- Интензивирана соработка со НВО и граѓанскиот сектор за изработка на проекти кои ќе ја унапредат борбата против дискриминацијата, семејното насилство, стереотипите и предрасудите, а ќе ја афирмираат борбата за родова еднаквост, како во институциите во надлежност на Општината, внатре во неа, и воопшто, кај севкупната јавност, односно меѓу граѓаните на Општина Карпош.
  - Пр: Изградени се две детски градинки, во населеното место Бардовци, градинката „Виножито" со капацитет од 78 деца и доградба на градинката „Мајски Цвет" во Тафталиџе 2. Се вршат темелни реконструкции во сите останати градинки.
  - Соработуваме преку директна финансиска поддршка и поддршка на проекти со Шелтер центарот во Карпош 2 кој е во надлежност на Организацијата на жени на Град Скопје и Националната SOS линија за жртви од семејно насилство,
  - со НВО ХЕРА на планот на вработување на Ромки и активностите околу ССО(Сеопфатно сексуално образование),
  - со Едукативен центар ИДЕА и сл. и со други граѓански организации.
  - Афирмација на идејата и заложбите за родовата еднаквост преку општинскиот магазин КарпошИН, низ истражувања, авторски текстови на експерти, активисти и истражувачи од областа на булингот, родово насилство, правата на жените, Сеопфатно сексуално воспитување и други родово сензитивни теми.

2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):

- Финансирани се три проекти на невладини организации

-Во весникот Карпош Ин во неколку наврати се поместени текстови од НВО, но и од експерти кај што се пласираат темите од родова еднаквост. Тој е печатен во 20.000 примероци и бесплатно дистрибуиран до речиси сите домаќинства во Карпош, односно е прочитан најмалку од толку читатели или оптимално x4 .

2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])

-Периодични и годишни извештаи од носителите на проектите

---

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| 2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:<br>▪ Усвоена Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година<br>- Со буџетски средства исплатени три проекти на невладини и граѓански организации |
| 2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС :<br>▪ Донесена и рализирана Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година<br>- Усвоен Буџет со алоцирани средства за родова еднаквост во износ од 452.000 денари Х10 за 2019 и во износ од 600.000 денари за 2020 година (изгласано на крајот на 2019 г.)<br>- Соработка преку Советувалишен центар за семејно насилство<br>- Услугите на Советувалишниот центар за семејно насилство се нудат на целото семејство, сторителите на семејно насилство како и врз деца-жртви на семејно насилство. Воспоставување и одржување на психосоветувалишен центар за жени-жртви на насилство. За оваа цел се соработува со НВО Национална мрежа на жени-жртви на семејно насилство |
| 2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):<br>▪ Реализирана Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година<br>▪ Одобрени проекти на НВО и граѓанскиот сектор |
| 2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)<br><br>-Периодични и годишни извештаи од носителите на проектите:<br><br>- Редовно известување за степенот на реализација од носителите на проектите<br>- Кај борбата со семејно насилство преку Секторот за дејности од јавен интерес беа: |

- Предвидени финансиски средства : 200. 000. 00 ден.
- Реализирани финансиски средства: 200. 000. 00 ден.

2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот

- Реализирана Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година
- Реализиран Буџет со алоцирани средства за родова еднаквост во износ од 452.000 денари Х10 за 2019 г
- Алоцирани средства преку Секторот за дејности од јавен интерес, Одделение за детска заштита, социјална заштита и здравствена заштита

2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?

- Да

2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?

- Да:

а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси
* приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)

- Од вкупниот број на вработени 162, во Општина Карпош, 88 се жени, додека 74 се мажи. Прилог детална exel табела

- Вработени во основните училишта во надлежност на Општина Карпош разделени по пол:
- Табела1:

| Р.бр | Назив на основното општинско училиште | вкупен број вработени | м | ж |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ „ Аврам Писевски“ | 34 | 7 | 27 |
| 2 | ООУ „Братство“ | 53 | 6 | 47 |
| 3 | ООУ „Владо Тасевски“ | 74 | 7 | 67 |
| 4 | ООУ „Вера Циривири Трена“ | 48 | 4 | 44 |
| 5 | ООУ „Војдан Чернодрински“ | 47 | 3 | 44 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | ООУ „Димо Хаџи Димов“ | 84 | 7 | 77 |
| 7 | ООУ „ Јан Амос Коменски“ | 61 | 8 | 53 |
| 8 | ООУ „ Лазо Трповски“ | 51 | 5 | 46 |
| 9 | ООУ „Петар Поп Арсов“ | 62 | 5 | 57 |
| 10 | ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ | 43 | 5 | 38 |
| | Вкупно: | 557 | 57 | 500 |

Застапеност на вработените во Јавните установи општински детски градинки на територија на Општина Карпош.

табела2:

| Р.бр | Назив на ГРАДИНКИТЕ | вкупен број вработени | м | ж |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ЈУОДГ „ ПРОЛЕТ“ -КАРПОШП | 100 | 4 | 96 |
| 2 | ЈУОДГ „ОРЦЕ НИКОЛОВ“ | 81 | 6 | 75 |
| 3 | ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ“ | 93 | 8 | 85 |
| 4 | ЈУОДГ „РАСПЕАНА МЛАДОСТ“ -КАРПОШ | 47 | 7 | 40 |
| | Вкупно | 321 | 25 | 296 |

Појаснување на табела2: Секоја градинка има по неколку клона, или вкупно имаме 10 предучилишни установи

б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)

* приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.

- Доделени се субвенции за велосипеди -97, од кои баратели се 59-мажи и 38 жени

Доделени се субвенции за тротинети- 37, 18- мажи и 19 жени

- еднократна парична помош за лица во социјален ризик/ лекување или елементарна непогода зеле 104 лица,
- еднократна парична помош за новороденче им е дадено на 34 лице.
- хуманитарната акција „ Подај рака – донирај за твојот сосед“ наменета за лица/семејства во социјален ризик.
- На 3 пункта беа доделени вкупно 90 пакети со храна и хигиенски средства донирани од учениците од основните училишта, децата во градинките, општинската администрација како и сите граѓани од Општина Карпош кои донираа во урбаните заедници.(нема родово

разделени податоци)

2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?

- Да, во сферата на вработување на Ромки изработен е локален акционен план за вработување на Ромки предложен од Невладината „ХЕРА - Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување“ и социјалното претпријатие „Нега плус“ прифатен од Општина Карпош во рамки на заеднички проект, кој ќе го финансира Општина Карпош со 90.000 денари

2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:

а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период

- Обезбедува финансии
- Ја користи дата базата на Општината за потенцијални учесннички во проектот
- Редовни стручни средби со имплементаторот на проектот-„Ромките застапуваат за еднакви можности за вработување“ (дисеминациски состаноци со ХЕРА)
- Логистичка поддршка

б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план

Треба да се обезбеди вработување на најмалку една Ромка

в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)

-Ново вработување

г) колку средства се одвоени од буџетот на општината, а колку од донации?

- 90.000 денари (за проектот со акциски план)

2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?

- Да

2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:

- ✓ а) слушател/слушателка ... во Собрание на РСМ-КЕМ
- ✓ б) обучувач/обучувачка... во ЗЕЛС

2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн).

Координаторот за еднакви можности има посетено:

- Обука за,,Недискриминација и против говор на омраза“ во Република Северна Македонија - Клуб на пратеници-15 октомври 2019
- Координативна средба за проектни активности “ Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање“(2019-2021)
- Јавна презентација на анализата „Родовиот аспект и жртвите на родово базираното и семејното насилство во Законот за Социјална Заштита на Република Северна Македонија“.
- Јавна расправа на тема: Предлог-План на активности за унапоредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2020-2021

-

2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)
Ве молиме опишете :

- Со циркуларен, интерен допис се известуваат Секретарот и останатите сектори за посетените обуки и стекнати знаења и сознанија, со посебна нагласка на секторот кој непосредно го тангира некоја од темите на обуките (семејн насилство, вработување жени Ромки и сл.) и нивни директно вклучување (заедничка соработка ) во дадени проекти од НВО или други, во кои на било кој начин учествува Општината.

2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?

- Донесена Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година
- Формирана е интерсекторска група за родова еднаквост со назначени одговорни лица од секој сектор или одделение во Општината, која е одобрена од Советот на Општина Карпош

2.19. Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?

- Сите, во целост

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?

- Направен е трансфер на надлежности од поранешните координатори за родова еднаквост. Следени се насоките според старите акциски планови и програми,интензивирана е соработката со другите сектори и родово сензибилизирани се раководителите на сектори и одделенија иако сите предизвици се уште не се докрај надминати

3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса :
Пр.1: Подготвеност за соработка и родово сензибилизирање од

претседателката на Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Карпош, советниците членови на комисијата, но и другите
Пр.2: Секторските раководители и вработените во опшштинската администрација позитивно реагираат на информациите ии потребите на ЕЛС за родова еднаквост
Пр.3 Како *лоша пракса* е честата промена на мкоординатори (заминување во пензија и сл.) Треба континуитет во следење на проблематиката

**3.3.** Наведете примери за научени лекции

- Потребна е поголема соработка со невладиниот сектор кои ги следат родовата проблематика на повисоко експертско, но и емпириско ниво.
- Поголема соработка со МТСП со надлежниот сектор за кондиционирање на локалните координатори

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1.** Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)

1. Имплементација на локален акционен план за вработување на Ромки
2. Поддршка на еднородителски семејства
3. Воведување на ССО (Сеопфатно сексуално образование) во предучилишна и училишна возраст на неформално ниво (преку неформални едукации)
4. Импелементација на проектот „И жените можат“
5. Локална стратегија за родова еднаквост 2019-2023 год.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1.** Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите
Во овој состав во ноември 2017 година, непосредно по локалните избори

5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:
а) Пол - Седум жени и двајца мажи

| |
|---|
| б) Образование - високо<br><br>в) Етничка припадност - Македонци<br><br>г) Припадност на политичка партија<br><br>- СДСМ- 3<br>- ВМРО-ДПМНЕ - 2<br>- НОВА АЛТЕРНАТИВА -1<br>- ДОМ - 1<br>- ГРОМ - 1<br>- ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА- 1 |
| 5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:<br>а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа<br>ДА<br>б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа<br>ДА<br>в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа<br>ДА |
| 5.2. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?<br><br>- Предложена е и донесена годишна Програма за активности на Општина Карпош во областа на еднаквите можности на жените и мажите<br>- Предложени се за финансирање два проекти кои треба да ги реализираат екперти од невладиниот сектор<br>▪ Донесен е буџет со алоцирани средства за родова еднаквост<br>▪ За 2019 година-линк<br>https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Budzet-za-2019-1.pdf стр. 197; точка 13<br><br>Х10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ - издвоени 452.00 денари<br><br>- Во текот на 2019 е формирана Интерсекторска група за родова еднаквост како и<br>- Формирана е посебна Комисијата за избор на изготвувачи и реализатори на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите, како основа за изработка на Годишната Програма за |

активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности на жените и мажите за 2020г.

5.3. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?

- Да, односно онаа која ја има Координаторот за еднакви можности

5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.

- Во текот на 2019 беа одржани четири седници на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите:
- На 28 јануари 2019 е одржана петтата седница КЕМ при Општина Карпош на која се усвои годишниот Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности на жените и мажите во Општина Карпош во текот на 2018 година.
- На 15 октомври се одржа шестата седница на КЕМ при Општина Карпош на која се даде согласност за распишување јавен повик за проекти од надлежност на Општината, кои ќе влезат во програмите и буџетот на локалната самоуправа за 2020 година. На истата седница се предложи измена на Програмата за еднакви можности за 2019 година.
- На 13 ноември е одржана седмата седницана која Комисијата даде одобрување финансиски средства за реализација на два проекти од сферата на родова еднаквост и тоа „Превенирање на врсничкото насилство во основните училишта на територија на Општина Карпош" и „Спорт за сите" преку активности на Отворена забава за сите во 2019 /2020 година.
- На 24 декември Комисијата ја усвои Предлог Програмата во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите за 2020 година.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:

а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС

- Почеста непосредна комуникација на ЕЛС со СЕМ- МТСП преку

специјализирани обуки и креирање заеднички основни мерки за родово сензибилизирање на администрацијата, но и на јавноста

б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми

- Стручна/експертска поддршка во креирање на Стратегија за родова еднкавост на локлано ниво